**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ГАС ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2026 ГОДИНА**

I

Во Програмата за поттикнување за снабдување со гас во домаќинствата за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.35/26), во дел IV став 1 во точката а) зборовите „30 јуни 2026 година“ се заменуваат со зборовите „31 октомври 2026 година“.

II

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5316/8
30 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2118.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав д-р Дарко Костадиновски, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Осман Кадриу, Добрила Кацарска, д-р Гоце Наумовски, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 и член 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 72 алинеја 1 од Актот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115 /2024) на седницата одржана на 3 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј 02 - опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош-Скопје бр.09-2483/18 од 13.03.2025 година, донесена од Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3 од 14 март 2025 година).
2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, по повод иницијативите поднесени од РБЦ МЕДИА ДООЕЛ Скопје и Маријана Марионцу Симовска од Скопје, на седницата одржана на 24 декември 2025 година, го донесе Решението У3.бр.28/2025 и У3.бр.30/2025, со кое поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на актот означен во точка 1 од диспозитивот на оваа одлука. Ова од причина што основано се постави прашањето за неговата согласност со член 39 ставови 1, 5 и 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, како и со член 8 став 1 алинеи 3 и 10 и член 51 од Уставот.

II

На седницата Судот утврди дека Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт Ј 02 - опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош – Скопје, бр.09-2483/18 од 13.03.2025 година, е донесена од страна на Советот на Општина Карпош, на 62-та седница одржана на 13 март 2025 година.

Одлуката е донесена врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), член 39 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/2018), како и врз основа на одредбите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020, 111/2023, 171/2024, 224/2024 и 40/2025), а објавена е во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3 од 14 март 2025 година.

Истата содржи седум члена, при што во член 1 е предвидено дека со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за градска четврт Ј 02 опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

Во член 2 од оваа одлука е дефиниран просторот за кој се однесува деталниот урбанистички план, како и површината на урбаниот опфат.

Според член 3 од истата одлука, Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во посебен режим, домување во станбени куќи, домување во станбени згради, времено сместување, здравство и социјална заштита, парковско зеленило, заштитно зеленило, комунална супраструктура. Во истиот член се предвидени класи и намени на земјиштето и се одредени: облик и големина на градежна парцела, регулациона линија, градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради, максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот, процент на изграденост, максимална развиена површина на објектот, коефициент на искористеност, намена на објектот, максимална висина на објектот/до завршниот венец/од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека, паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

Согласно со член 4 од Одлуката, составен дел на истата се текстуален дел и графички прилози, додека со член 5 се утврдени начинот на заверка и потпишување на одлуката.